ГОДИНА I
БРОЈ 4

# ВРАБОТУВАЊЕ news

Петок, 13.03.2009



**Блиц:**
Дали сте суеверни?

**Тема на број:**
Стрес на работното место

**Лидери:**
Маргарет Тачер: Совршен баланс помеѓу женственост и моќ!

**Деловен стил:**
Која вратоврска со која кошула

**Огласи:**
Работа за тебе!

# Содржина



14 CV на Маргарет Тачер



26 Работа за тебе!

4 Актуелности

11 HR Речник

12 Кроација осигурување - Живот

18 Дали сте суеверни

22 Вработување советува

25 Гафови



6 Тема на број

## Стрес на работното место

*Најголемиот можен стрес кој е поврзан со работното место е ситуацијата кога некој нема работно место, односно да не е вработен. Темата која ја обработуваме подолу подразбира луѓе кои трпат негативно влијание од стресот на работното место. Според истражувањето на европската агенција за сигурност на работа и заштитата на здравјето, стресот на работното место е присутен кај секој трет вработен. Дури 60% од вкупно изгубените работни денови на вработените биле како последица од претрпен стрес. А тоа значи загуба од најмалку 20 милијарди евра годишно.*



8 Управување со брендови за време на криза

# НАКРАТКО ... НАКРАТКО ...



## Daimler и BMW работат на здружување

Според германскиот магазин Der Spiegel, Daimler и BMW работат на здружување, за со заеднички сили да ја преживеат најголемата криза на автомобилската индустрија во последните неколку децении. Der Spiegel тврди дека двете компании меѓусебно ќе си разменат удели. Daimler ќе добие седум проценти од акциите на BMW и обратно. Сепак, сите не се согласуваат со овој план. Семејството Квант кое поседува 46% од сопственичкиот пакет во BMW стравува дека Daimler би можел да се обиде непријателски да го превземе BMW. Нивното стравување го темелат на последното партнерство на Daimler кога германската компанија влезе во “подеднакво” партнерство со Chrysler, за набргу потоа да превземе контрола врз американскиот производител на автомобили.Според пишувањето на Der Spiegel, и покрај стравувањата, семејството Квант нема да може да го спречи спојувањето на двете компании, а на помош на надгледување на процесот повикана е и државата.

## Петок 13




Се проценува дека бизнисот секој Петок 13 губи од 800 -900 милиони долари затоа што луѓето на тој ден избегнуваат да ги правата работите кои вообичаено ги прават. Некои од американците избираат да останат дома, или пак ги одложуваат закажаните состаноци, не сакаат да патуваат, да купуваат или пак да се забавуваат. Накратко речено го преспиваат овој ден. Во Америка дури постои и психолошки центар специјално наменет за луѓе кои страдаат од фобијата наречена петок 13, која има и свој назива - праскевидекатриафобија (која е во облик на трискаидекафобија- страв од бројот 13). Само во САД овој страв од Петок 13 е констатиран кај над 20 милиони луѓе. Стравот опфаќа поширок спектар на симптоми, од блага напнатост, до вистински напади на паника. Според истражувањата најчесто од овој страв патат суеверните и луѓето кои самите себе се сметаат за несреќни. Истражувањето опфатило и поширок спектар на празноверија па било утврдено дека најчесто употребуваното “оружје“ против лошата среќа е чукањето во дрво а веднаш по него следи носењето на амајлии.

## Заради кризата, само четири работни денови



Една од мерките, која веќе се спроведува ширум Европа за надминување на последиците од глобалната светска криза, е смалувањето на бројот на работните часови. Тоа значи, намалување на работните часови од 40 на 32 односно, воведување на четиридневна работна недела. За ваквата опција веќе размислуваат нашите соседи во Србија. Тоа им е една од првите точки на дневниот ред, кога станува збор за спроведување на мерки за надминување на кризата. Сите се согласни дека многу подобро е да се скрати работното време, ако треба дури и да се намалат платите, но да се задржи бројот на вработените. Една од првите компании која се реши да воведе скратена работна недела е “Ju ES Stil“ од Смедерово. Тоа значи дека и раководството и вработените ќе работата 32 часа а секој додатен слободен ден ќе им се плаќа по 60 отсто. Дали во Македонија има потреба од спроведување на ваква мерка ќе покаже времето. Сека за сега “добро се држиме“!



## Дали навистина е супер да работиш во Google?

Постојано слушаме бајки за Google - како е супер фирма, како таму е фамозно да се работи, како на сите кои се таму им е исклучителна чест да бидат вработени во Google. Но дали е така?Минатата година, Google ја направи Google Group во која поранешните вработени беа прашувани зошто ја напуштиле фирмата. Одговорите кои ги добија беа вистинска шлаканица во лицето на фирмата која сите ја сметаат за пример кога се во прашање правата на вработените, платите и работната атмосфера.

Најголем број забелешки добија платите. Излезе дека во споредба со останатите компании кои се во информатичкиот бизнис, платите во Google и не се баш толку сјајни. Дури, сите навеле дека на друго место би можеле да заработуваат повеќе. Еден вработен дури спомнува дека на директорот на финансии му спомнал дека Microsoft им дава многу повеќе бенефиции на вработените, а директорот му ветил дека ќе го среди тоа. Откако од сметководството добил одговор дека зголемувањето на платите ќе го чини Google 22 милиони долари, почнал да се шегува тврдејќи како луѓето не работат во Google поради пари, туку да го променат светот. 22 милиони долари е ситница за компанија која заработува милијарди, но очигледно таа ситница е поважна од вработените.

Друга забелешка се однесува на процесот на вработување во Google. Често не се знае кој е задолжен за што, разговорите за работа се конфузни, на одговор се чека со месеци, ве испрашуваат некомпетентни лица...вистински хаос.

Останатите проблеми на Google се масивната бирократија и лошиот менаџмент, но тоа се проблеми на сите големи корпорации, така да тука не може нешто посебно да му се забележи.




## Најголем скок на Вол стрит годинава




Акциите на Вол стрит во вторник забележаа најголем раст во 2009, со зголемување на индексот Стандард&Пурс 500 за 4,6 насто, откако банката Ситигруп соопшти дека има најдобар квартал од 2007 година. Акциите на Ситигруп поскапеа за 38 проценти, откако е соопштено дека банката имала добивка во првите два месеци од оваа година, откако пет квартали по ред нижеше загуби. Акциите на ЏејПи Морган Чејс скокнаа за 23 насто, а на Бенк оф Америка за 28 проценти, откако Централната банка ФЕД повика на темелна ревизија и промени во финансиската регулатива. Најголем скок од 1980 година имаа акциите на Џенерал Електрик, чија вредност се зголеми за 20 проценти. Индексот Дау Џонс порасна за 5,8 насто, а технолошкиот индекс Насдак се зголеми за 7,07 проценти. На њујоршката берза во вторник во плус завршија 2.918 акции, а во црвено 221, со промет од седум милијарди долари. Американските аналитичари оценуваат дека дојдено е време парите повторно да почнат да се ставаат на акции. Акциите се евтини, а поттикнувањата ширум светот ќе помогнат приходите да се зголемат



# СТРЕС НА РАБОТНОТО МЕСТО

## Најмногу страдаат менаџерите!

*Најголемиот можен стрес кој е поврзан со работното место е ситуацијата кога некој нема работно место, односно да не е вработен. Темата која ја обработуваме подолу подразбира луѓе кои трпат негативно влијание од стресот на работното место. Според истражувањето на европската агенција за сигурност на работа и заштитата на здравјето, стресот на работното место е присутен кај секој трет вработен. Дури 60% од вкупно изгубените работни денови на вработените биле како последица од претрпен стрес. А тоа значи загуба од најмалку 20 милијарди евра годишно.*

Ако пред триесеттина години многу ретко дури и воопшто не се зборуваше за стресот, како сериозна причина за нарушување на здравјето кај вработените луѓе, во последниве години овој поим сé повеќе е застапен во медицинските истражувања. Не дека претходно не постоел, но до тогаш не бил дефиниран како таков. Како стрес на работното место, можат да се дефинираат повеќе ситуации или, пак, уреди т.н. стресори кои создаваат чувство на стрес. Почнувајќи од кратки рокови кои треба да се исполнат, нејасно поставени работни задачи, неможност за напредување, слаба комуникација со колегите на работа, па сé до бучавата која ја создаваат компјутерите.

Современото 24 часовно бизнис живеење, интензивно се менува. Економијата станува глобална, а сé поголема е употребата на информатичките системи и комуникациската технологија. Работата во таква социјална средина бара ментални и емоционални барања кои поединецот не може да ги исполни и токму заради тоа се развива состојба на стрес.

А што е всушност стресот?

**Стресот е нормална генерализирана психофизичка активациска реакција на заканите кои доаѓаат од околината и на барањата кои околината и другите луѓе ги ставаат пред поединецот**

Таквата реакција е биолошки програмиран одговор на организмот до кој доаѓа неизбежно, во ситуација на подготовка за напад или бегство. Некои поединци се занимаваат со работа или хоби со опасни и предизвикувачки ситуации кои го зголемуваат нивото на возбуденост или популарно наречено го креваат адреналинот, односно предизвикуваат стрес. Биолошки програмираните облици на стресот не претставуваат проблем за организмот. Проблемот за организмот и ризикот за здравјето претставуваат состојбите на премногу интензивен, пречест, долготраен стрес или, пак, стрес со кој поединецот не може успешно да се справи. Овој негативен стрес, во литературата, може да се сретне и како дистрес. Таквата состојба не е пожелна и би требало да се избегнува. Барем тоа го бара организмот од секој од нас.

Но, за вработениот човек стресот е секојдневие. И колку и да се труди стресот не може да се избегне затоа што никој од нас не може да живее под „стаклено ѕвоно“, не соработувајќи со другите или живеејќи само според своите желби.

Некои од симптомите кои упатуваат на хронично дејствување на стресот и предупредуваат дека нешто треба да се преземе се следниве ситуации: кога телото е во грч, кога личноста нема можност или начин да се опушти, кога рацете постојано се стискаат, кога постојано се грицкаат ноктите или заноктиците кога рамениците постојано ве болат или кога главоболките се пречести. Личностите под стрес се чувствуваат како пренадуван балон кој во секои момент може да пукне.

Покрај симптомите кои се различни- невролошки, психо-соматски, анксиозно-дересивни, понекогаш и состојби на заборавеност и состојба на хроничен замор, ненаспаност, брзо заморување и слаба концентрација кои, пак, доведуваат до поголеми компликации... .

Постојат и “специјани“ болести предизвикани од стрес дефинирани како менаџер-ски болести. Затоа што според истражувањата колку поголема одговорност имате во компанијата толку поголемо е вашето изложување на стрес.

А, бидејќи менаџерите се наоѓаат на врвот на хиерархијата, но и заради посебната структура на нивната личност, логично е тие да бидат “најголемите “ жртви.



**Менаџерски болести**

Овие болести се откриени сосема случајно пред 30 години во Америка. Тоа се болести кои настануваат поради преоптоvarување на човекот со ментални активности (презафатеност со обврски, голема одговорност...). Телото на стрес реагира на различни начини, а најчестите се: забрзано чукање на срцето, познато како лупање), прескокнувања на срцето, главоболки, прекумерно потење, зголемено ниво на шеќер во крвта, зголемен холестерол, разни болести на имунолошкиот систем, покачен крвен притисок со сите последици и компликации на веќе наброените состојби.

Кардиолозите Фридман и Розенман, делеле иста чекална со колегата офтаlмолог и забележиле дека столиците пред нивните ординации се повеќе оштетени отколку оние од пред вратата на нивните колеги. Зошто нивните пациенти повеќе го стискале и го туткале работ на столот со своите раце отколку оние коишто дошле за преглед на видот? Утврдиле дека кај нив доаѓаат релативно голем број луѓе кои се на раководни позиции, кои се нетрпеливи и немаат ниту нерви ниту време да чекаат. Кога продолжиле со опсервации и истражување во таа насока, тие ги поделиле луѓето на два типа:

**Тип А и тип Б.**

Тип А или „тркачки коњ“: Има талент, сјајни идеи, големо знаење и искуство и неисцрпна енергија, може тоа што другите не можат, има деловни контакти, самоуверен е, уверлив и елоквентен и со еден збор – успешен.

Менаџерот е зависен од успех, тој „каса“ за работата, нестрплив е, не поднесува чекање, дури ни тогаш кога разговара со некого, па најчесто наместо соговорникот тој ја довршува мислата која ја започнал другиот. Целосно е предаден на работата, постојано се брза, подобро ќе направи нешто сам отколку да чека неговите соработници да го направат тоа, агресивен е, нетрпелив, наклонет кон депресија, шири нервоза околку себе... Во најкратко време сака да направи што повеќе од работите.

**Тип Б или „желка“** е помалку натпреварувачки расположен, помалку посветен на работата и не се брза. Речиси поретко влегува во конфликти со соработниците, има урамнотежен и опуштен пристап кон животот. Има самодоверба и способен е упорно и истрајно рамномерно да работи, со систематски пристап и изедначено темпо. Со него е поздодно да се работи, бидејќи нема чувства дека времето го „стега околу вратот“.

За разлика од типот А кој секогаш мисли дека ќе задоцни, типот Б не се возбудува. Еднакво е успешен како типот А иако е посмирен, поопуштен, не вика и не се вознемирува и сè што работи се чини дека го работи како од шега. Тие два типа се разликуваат по својот однос и реакцијата на стрес.

Типот Б најчесто нема да заболи од менаџерска болеста, додека типот А е идеална мета која стресот го напаѓа од сите страни.

**Што може да се направи**

Ако не можеме да ја смениме околината, можеме да го промениме своето толкување на нештата и работите да ги доживуваме така што нема да не загрозуваат. Една иста работа може да се доживее и како трагедија и како ситница. Тоа е суштината на позитивното мислење, во светот дури се прават семинари за тоа како нештата позитивно да се доживуваат.

Контролата на стресот е клучна за напредување во кариерата. Некои студии покажале дека за успех не се доволни само самодисциплината, способноста и дисциплинираната работа. Подеднакво важна е способноста на контролирање на негативните чувства како што се напнатоста и стравот. Психолозите сугерираат, кога се прави интервју за работа, работодавачите да ја земат во обсир и способност на кандидатите за контрола врз стресот.

Затоа, добро размислете како ќе реагирате на следната стресна ситуација! А во меѓувреме предизвикајте си „вештачки“ ситуации на позитивен стрес. Занимавајте се со некој спорт-што подинамичен тоа подобро, смејте се секој работен ден нека ви почнува со добар виц, а кога ќе ви текне слободно запејте си! И не заборавајте понекогаш да си дремнете после работа!

# УПРАВУВАЊЕ СО БРЕНДОВИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА КРИЗА

... Продолжува од предходниот број

## За време на рецесија потребно е да ги потсетите потрошувачите зашто брендот ја оправдува цената

Иако е идеално до ја задржите (маркетиншката пресметка) буџетот за време на рецесија, можно е успешно да го поддржите брендот и со помали инвестиции, од причина што дека квалитетната комуникација во најмала рака го компензира смалувањето на буџетот. Значи, ефикасното вложување е секогаш тоа кое го подржува висококвалитетниот креативен израз.
Најдобрата бренд стратегија било да е пасивна или активна, зависи од неколку работи:
природата на категоријата, големината на категоријата, наклонетоста и мотивацијата на потрошувачот, моќта на брендот и најважно од се, постапките е кои се очекуваат од конкуренцијата.

### Природа на категорија

Економската криза има поинаков удел на различните производи и услуги. **Луѓето веројатно ќе го одложат купувањето на долговечни производи како што се куќните апарати или автомобили. Оние пак кои сепак ќе се одлучат да купат, ќе потрошат многу повеќе време на истражување алтернатива и ќе инсистираат на подолго преговарање околу цената**.
Основните типови кои имаат по едноставни функции веројатно ќе се купуваат повеќе од оние збогатени со додатна опрема (освен ако таа опрема не влијае на цената т.е. не ја зголемува цената )
Секојдневно ќе се преиспитуваат домашните потреби затоа што купувачите ќе стаат осетливи на цените. Текстилните марки на трговските ланци, посебно тие квалитетните можат да станат прифатливи. **Од друга страна, оние луксузните производи, кои купувачите се уште можат да си ги приуштат, можат да станат побарани, бидејќи луѓето имаат тенденција да ги заменуваат скапите задоволства (патувања дизајнерски облеки) со поевтини но сепак полуксузни како што се чоколади, алкохол козметика.**
Услугите на пр. Телекомуникации кои се засновани на долгорочни договори веројатно ќе бидат помалку зафатени со кризата ,затоа што рецесијата е релативно краткорочен процес.

### Големина на категоријата.

Потенцијалното враќање на инвестицијата е секогаш диктирано од големината на категоријата. Зголемувањето на уделот од еден отсто резултира поинаку во категорија од неколку милиони или од неколку стотици милиони. Досегашното искуство ни сугерира дека за зголемување на уделот од 1% рекламите мора да остварат 10% поголем удел кај целната група отколку што е сегашниот пазарен удел.
**Во категоријата која расте (или за која е веројатно дека ќе расте за време рецесија), долгорочната добивка ќе ја оправда инвестицијата. Во помали или категории во опаѓање каде драгоцениот повраток би бил понизок, брендовите би можеле да бидат поуспешни, ако ги скратат трошковите и се трудат да преживеат**

### Наклонетост на потрошувачот

Во поголемиот број од категории посебно за време на рецесија, луѓето сакаат да веруваат дека носат вистински одлуки кога купуваат .Според податоците од студијата за јачината на брендовите BrandZ (www.brandz.com), во просек дури секој 10 ти купувач мотивиран е исклучиво од цената. Дури иако тој процент се дуплира во текот на рецесијата ,влијанието врз таквите ценовно чувствителни купувачи може да биде релативно ниско.
Оние пак кои поради финансискиот притисок почнуваат да купуваат поевтини производи најверојатно и не биле потенцијално лојални купувачи од самиот почеток. Вистинските лојални купувачи ќе бараат начин да продолжат да го купуваат својот омилен бренд.
Тие ќе бараат можност да купат за време на акција или пак да купат поголеми пакувања кои се поевтини или пак да ги купат производите во аутлет центрите кои ги нудат по најповолни цени.

Во Аргентина после рецесијата од 1999 која се разви и во 2001 многу од луѓето морале да ги напуштат своите омилени брендови и да користат поекономични. **Најдобрите брендови кои преживеале , успеале бидејќи не нуделе поприфатливи нови формули и поевтини пакувања ставајќи го акцентот на квалитетната изведба и вредноста што ја добивате за парите.**
Значи, освен ако луѓето едноставно не можат да ги купуваат омилените брендови или пак станува збор за непоправливо ценовно чувствителни купувачи, основниот проблем е во вредносната перцепција.
Дали потрошувачите веруваат дека брендот нуди поголема вредност од конкурентниот? Во случај да брендот има прифатлива цена, луѓето веројатно ќе се одлучат за познатиот, па макар и поскап бренд во кого имаат доверба отколку за поевтиниот. **За време на рецесија потребно е да ги потсетите потрошувачите зашто брендот ја оправдува цената, фокусирајќи се на неговите функционални предности.**

### Моќта на брендот

Во тешките времиња , брендот мора да ги нагласува атрибутите кои го чинат попривлечен и поразличен во очите на постоечките купувачи. Стратегиите се разликуваат во зависност од моменталниот статус на брендот. Малите брендови ќе направат најдобро ако својата инвестиција ја фокусираат на основната понуда(основниот модел), подобро отколку со вложувањето да се рашират и така постоечките средства да ги истанчат. Агресивните активности насочени на пробата на брендот веројатно ќе се исплати, но треба да се внимава да не ја поткопуваат перцепцијата за квалитетот и желбата за самиот бренд.
Големите брендови можат да најдат простор за ширење,посебно ако новата категорија нуди подобар потенцијал за раст.
Послабите брендови пак кои нудат прифатливи производи би требало да ја преживеат кризата. Најдобриот потег е да се зачува моменталниот пазарен удел со фокус на најлојалните и највредните купувачи. Да заклучат што ти всушност





сакаат и дали нивната дефиниција за вредност се менува. Настојувањето да се задржат купувачите кои најверојатно ќе се префрлат на поевтини алтернативи,може да се покаже како многу погрешен чекор.

### Најверојатниот одговор на конкуренцијата

Во случај да сите брендови ги зголемат своите инвестиции. Уделот во целната група ќе остане ист и нема да дојде до промена. Бидејќи ваквата ситуација е малку веројатна , интересно е да се анализираат постапките и одговорот на конкуренцијата.

Без разлика на зголемувањето на буџетот за маркетинг клучот е во тоа да се успее да се зголеми(или да се задржи) уделот на целниот аудиториум. Конкуренцијата б можела да одговори со истата мерка ,со зголемување на буџетот но и со намалување на цената што може да резултира со војна на цени која пак никому не му одговара (индикативен е примерот на ценовна војна на цигарите во Полска во 2003 година ,кога дури и највисокиот менаџмент бил вклучен во дистрибуцијатаземајќи го предвид дека на дека до промена доаѓало преку ноќ а компаниите кои имале удел во тоа последиците се уште ги чувстваат. Холандскиот пример од 2003 не учи дека снижувањето на цената не е ефикасна стратегија .Во средина на рецесија трговскиот ланец на Albert Heijn, најавил дека е одлучен да ја намали ценовната разлика меѓу него и останатите ланци. Два дена подоцна конкуренцијата одговорила со иста мера , после што следувале уште шест круга на снижување на цените . Цената на храната паднала за 11% а Albert Heijn неповратно го изгубил пазарниот удел во корист на ланците кој жестоко ги крателе цените.

### Што нуди иднината?

За време на рецесија и потрошувачите и производувачите мора да се трудат да го извлечат најдоброто од лошата ситуација. . Што се однесува до брендовите за очекување е дека сите нема да ги намалат трошковите за рекламирање,но оние кои сепак ќе се одлучат на тој чекор ќе наидат на проблем веднаш откако рецесијата ќе заврши. **Огласувачите мораат максимално да го искористат секое евро потрошено за поддршка на брендот со надеж дека ќе ја задржат цврстата врска со потрошувачот. Оние кои ќе успеат во тоа ќе бидат во добра позиција да ја искористат ослабената конкуренција веднаш откако пазарот ќе се стабилизира.**

Во повеќето од Европските земји како одговор на кризата (прометот во малопродажните центри бележи пад веќе трет месец по ред), се навјаваат снижувања на цените и промотивни акции ,но и поголеми пресметки за маркетинг со цел да се задржат купувачите. Додека од една страна зголемувањето на буџетот за маркетинг е добра идеја ,видовме дека снижувањето на цената долгорочно може да биде потег за кој мора добро да се размисли. Исто така трговските ланци најавуваат нагласување на евтините производ и занемарување на луксузните (поставување на истите на помалку воочливи места)

. Многу интересно ќе биде да се види како луксузните брендови ќе одговорат на ваквите потези и за каква стратегија ќе се одлучат. Иднината е многу неизвесна .Ќе се заземаат различни позиции и ќе се одбираат различни стратегии кои ќе донесат различни резултати. Ќе има и добивки и загуби од кои некои може и нема да преживеат. Во секој случај оваа рецесија ќе не научи на многу нешта и тоа ќе биде големо искуство и за потрошувачите и за купувачите.









**Казна** - (англиски – Punishment), веројатно најстара метода за контролирање на начинот за однесување на вработените.

Примената на казната во пракса се повеќе се избегнува затоа што се покажала како контра продуктивна и неа ја заменуваат други методи за однесувањето на вработените.

Се утврдило дека:

Казната ако вработениот ја доживува како непријатност би можело да се очекува во иднина да се избегнуваат непосакувани однесувања кои ја предизвикувале, не содржи порака за тоа како врз вработениот би требало да делува, вработениот станува свесен што не смее да работи меѓутоа не знае што од него се очекува.

Вработениот може казната да ја доживее до таа мерка како шок па и понижување и сето тоа да доведе до пад на мотивација и работниот морал наместо да се насочи на потребните облици на делување тој потполно ќе се пасивизира и повремено и се почесто ќе ги повторува облиците на недозволено делување.



# НАЈМНОГУ НЕВРАБОТЕНИ ОД АДМИНИСТРАЦИЈА!

Табелата подолу ги дефинира работобарателите по професии. Базата на Вработување.ком покажува дека веднаш по администрацијата, најмногу работа бараат продавачите, правниците и сметководителите.



# ДОНЕСЕТЕ ДОБРА ОДЛУКА!

## 100 % Сигурни со полисата на Кроациа Осигурување – Живот АД

*Се повеќе расте свесноста кај луѓето за потребата од финансиска сигурност која можеме да ја обезбедиме преку различни форми на осигурување и штедење. Не е едноставна одлуката за избор на најпогодно животно осигурување. Изборот на вистинската осигурителна компанија е најбитна одлука. Кроациа осигурување – Живот АД е стабилна и финансиски моќна институција која се грижи за Вашите инвестирани средства и ја гарантира исплатата на договорените осигурени суми.*



**Зошто да го одберете животното осигурување на Кроациа Осигурување – Живот?**

Кроациа Осигурување Загреб е основана во далечната 1884 год и е една од најпознатите и најпочитувани осигурителни компании на Балканот. Искуството кумулирано низ нејзината 125 годишна историја се гаранција за квалитетот на услугите кои ги нуди на своите клиенти.

На осигуреникот на Кроациа осигурување – Живот АД Скопје вложениот износ во текот на осигурителниот период му се оплодува исто како на акционер во успешна компанија.

Полисата (договорот) за осигурување на живот е гаранција за исплатата на договорената осигурена сума зголемена за припишаната добивка на крајот од осигурителниот период.

**Валутна клаузула**

Осигурувањето можете да го склучете во валутна клаузула. Тоа значи дека Вашите:

- денарски уплати на премијата;
- осигурената сума; како и
- исплатата на осигурената сума заедно со припишаната добивка;

се врзани за движењето на курсот на Еврото.

Валутната клаузула има функција на заштита на реалната вредност на Вашата инвестиција.

**Како да заштедите за својата безгрижна старост, а истовремено да обезбедите финансиска сигурност за своите најблиски? Осигурувањето на живот за случај на смрт и доживување кое го нудиме во рамките на нашата осигурителна програма е вистинскиот начин тоа да го остварите.**

Овој вид осигурување е најзастапено и најквалитетно осигурување затоа што покрај осигурувањето Вие штедите и остварувате добивка преку целото траење на договорот.

Исплата кај овој вид на осигурување е **задолжителна** поради фактот што полисата кај овој вид на осигурување гарантира исплата на износот при доживување а истовремено го покрива и ризикот од смрт.



**Кој може да се осигура?**

Полиса за Животно осигурување можат да склучат здрави лица на возраст од 14 до 65 години.

Осигурувањето може да се договори на рок од 10 до 30 години.

**Премија**

Осигурувањето се договара во денари или во ЕУР.

Ако премијата е договорена во ЕУР, уплатата на премијата се врши во денарска противрденост по среден курс на НБРМ на денот на уплата.

Договорените фиксни износи на премија и осигурени суми можат да се менуваат во текот на траењето на осигурувањето.

Минималната годишна премија изнесува 180 ЕУР односно месечна премија од 15,9 ЕУР.

Осигурените суми договорени во ЕУР и припишаната добивка се исплаќаат во денарска противредност по среден курс на НБРМ на денот на исплатата.

**Што се случува доколку повеќе не сте во можност да ја уплаќате премијата за осигурувањето?**

Во ваков случај Ви се нудат повеќе алтернативи:

- Договарање на понизок износ на премија, при што адекватно на намалувањето на премијата ќе се намалат и осигурените суми.
- Доколку се задоволени формалните услови, можете да извршите откуп на осигурувањето. Откупната вредност се пресметува со помош на методот на осигурителна математика, а на осигуреникот му се исплаќа околу 95 % од математичката резерва.
- Капитализација на осигурувањето. Во ваков случај престанувате со уплата на премијата а до истекот на осигурителниот период останувате осигурани со соодветни осигурени суми. Доколку Вашата материјална ситуација се промени можете да побарате обнова или да склучите ново осигурување.

**Кој гарантира за вложените средства?**

Изборот на соодветно животно осигурување е значајно за Вашата како и сигурноста на Вашето семејство. Кај осигурувањата кои се склучуваат на подолг временски период и кои претставуваат облик на инвестиција, важна е доверливоста и сигурноста на осигурителната компанија која ќе ја изберете.

Кроациа осигурување, како најголема и најстара хрватска осигурителна куќа низ нејзината 125 годишна историја на работење и беспрекорно исполнување на превземаните обврски е осигурател кој ја заслужува Вашата доверба.

Компаниите за животното осигурување подлежат на строга државна регулација при што им се налага водење на сигурна инвестициона политика како гаранција за нивната рентабилност (долгорочна способност за исполнување на превземените обврски).

**Кроациа Осигурување – АД Загреб е силна финансиска институција која се одликува со знаење, големина и финансиска сила. Преку воведување на нови, современи облици на осигурување се потврдува како современа осигурителна компанија со оспособен стручен развоен и продажен кадар.**

ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ



# КАКО ИЗГЛЕДА CV НА ГОЛЕМИТЕ ЛИДЕРИ



## CURRICULUM VITAE

### Personal information

| | |
|---|---|
| Birth name | **Margaret Hilda Roberts, (currently Margaret Thatcher or Lady Thatcher)**<br>o The Rt Hon. The Baroness Thatcher, LG, OM, PC (since 22 April 1995) |
| Born | **13TH OCTOBER 1925 (AGE: 83),** IN Grantham, Lincolnshire, England, UK**)** |
| Residence | **UNITED KINGDOM** |
| Contact | info@margaretthatcher.org |
| Nationality | **BRITISH** |
| Religion | **METHODIST** |
| Marige status | **MARRIED (1951-2003) TO** Sir Denis Thatcher, Bt **,** local businessman**, TWO CHILDREN (TWINS):** The Hon. Carol Thatcher (55) and Sir Mark Thatcher, 2nd Bt (55) |
| Political orientation | **CONSERVATIVE** |
| Additional Information | o **1951**, winning national publicity as the youngest woman candidate in the country<br>o **1975**, first woman ever to lead a Western political party and to serve as Leader of the Opposition in the House of Commons<br>o **1992,** Margaret Thatcher enters the House of Lords as Baroness Thatcher at the official end of the Cold War<br>o **2007,** Film of her life proposed. |
| Proffesion | Scientist (Chemist), Lawyer (specialist in taxation) |

### Work experience

| | |
|---|---|
| • Dates | **8th October 1959 – 9th April 1992** |
| * Name and address of employer | *Finchley, north London constituency* |
| • Main activities and responsibilities | Member of Parliament (MP) |
| • Dates | **1961 - 1964** |
| * Name and address of employer | *Ministry of Pensions* |
| • Main activities and responsibilities | Parliamentary Secretary to the Minister of Pensions |
| • Dates | **20th June 1970 – 4th March 1974** |
| * Name and address of employer | *Heath Government of UK* |
| • Main activities and responsibilities | Secretary of State for Education and Science |
| • Dates | **1979 – 1983 (first term)** |
| * Name and address of employer | *United Kingdom Government* |

| | |
|---|---|
| • Main activities and responsibilities | Prime Minister of the United Kingdom<br>o New economic initiatives,<br>o Irish hunger strike,<br>o Falklands war |
| • Dates | **1983 – 1987 (second term)** |
| * Name and address of employer | *United Kingdom Government* |
| • Type of business or sector | Prime Minister of the United Kingdom<br>o Economic developments,<br>o Trade unions,<br>o Brighton bombing,<br>o Cold war,<br>o Domestic issues |
| • Dates | **1987 – 1990 (third term)** |
| * Name and address of employer | *United Kingdom Government* |
| • Type of business or sector | Prime Minister of the United Kingdom<br>o Environmental issues,<br>o Continuation of economic changes,<br>o European Community<br>o Leadership election<br>o Gulf War |

## Education and Training

| | |
|---|---|
| • Dates | **1943-1947** |
| • Name and type of institution | Somerville College, Oxford, UK |
| • Degree | Chemistry |
| • Dates | **1950** |
| • Name and type of institution | Dartford |
| • Degree | Trained as lawyer, specializing in taxation |

**Political experience**

| | |
|---|---|
| • Dates | **1947** |
| | Member of Conservative party |
| • Dates | **1975 – 1990** |
| | Leader of Conservative party |
| • Dates | **1975 - 1979** |
| | Leader of the Opposition |
| • Dates | **1984** |
| | Chair of G8 |

## Personal skills and competences

| | |
|---|---|
| Mother language | **English** |





Иако нејзиното здравје од ден на станува се полошо, и нејзиниот животен век е неизвесен, таа за секогаш ќе остане позната како "Челичната лејди" прекар кој го добила благодарение на нејзината упорност и издржливост. Родена е во далечната 1925г., по професија адвокат и хемичар, баронесата Маргарет Тачер во 1974 г. станува првата претседателка на конзервативната партија а потоа и прва претседателка на владата на Голема Британија, функција која ја држи од 1974 до 1990 година. Иако поминаа 19 години откако ја напушти "Даунинг стрит 10" во последниот истражување на "ЈуГав" од јули 2008 е наведено дека доколку би се кандидирала повторно за премиерка зачудувачки, но и со 83 години би ја добила оваа функција. Тоа доволно заборува за нејзината големина.

Нејзиното појавување на политичката сцена предизвика придвижување на една серија настани меѓусебно поврзани: триумфот на капитализмот , универзалното прифаќањето на пазарот како неопходен за напредок, пропаѓањето на советскиот империјализам како и преструктуирањето на државите на сите континенти....

Едни од нејзините позначајни реформи се воведувањето на отворени пазари укинувањето на синдикатите, потоа приватизација на националните компании кои работеле со големи загуби како на пример British Airways и British Steel. Кои по трансформацијата прераснале во високо профитни организации. За да веднаш после овој процес приватизацијата им стане позната на повеќето од европските и светските земји. Но Тачер како фигура стана поголема од политиката која ја спроведуваше. Правејќи совршен баланс помеѓу женственоста и моќта која ја поседува.

Еден од политичарите од тоа време кој многу ја ценел и почитувал е претседателот на САД Роналд Реган, ја сметал за свој најблизок советник и се воодушевувал на начинот на кој Тачер ја однела Голема Британија во војната со Аргентина

Ќе остане забележана како една од најконтроверзните политичари на 20 век со подеднков број на оние кои ја идеализираат и оние кои ја оспоруваат. Она што сепак никој не може да и го оспори е дека покажа поголем одлучност отколку било кој друг политичар од нејзината генерација.

CV МАРГАРЕТ ТАЧЕР

# ДАЛИ СТЕ СУЕВЕРНИ?

*Денес е петок 13. За многумина сосема обичен ден, за некои одличен ден зошто е почеток на викендот, а за трети- ден што им предизвикува страв. Доколку на овој ден им се случи нешто „малерозно“, кривецот ќе го бараат токму во денешниот ден .Ова е само едно од суеверијата кои ги окупираат умовите на луѓето правејќи ги зависни дури и робови на ваквите „натприродни“ појави. Инспирирани од денешниов ден, ние проверивме колку деловните луѓе се суеверни. Одговараа на следниве прашања:*
*Дали сте суеверни? Одите ли по друга патека, ако ви го пресече патот црна мачка?*
*Имате ли некој ритуал пред да одите на некој важен состанок?*
*Дали поседувате некоја амајлија која ве штити од лоша енергија?*

**ВАНЧО КОСТУРСКИ**
**Оперативен директор АБ канал**

Не, јас не сум суеверен. А кога станува збор за ритуалите, порано ги имав сега не. Кога бев студент имав навика на секој испит да се појавувам со една иста кошула која требаше да ми донесе успех, односно да положам. Сите испити ми се положени со таа кошула. Може ќе звучи чудно, но си направив една статистика и сфатив дека сите професори возеа бордо автообили, па јас одбрав бордо кошула. Истата ја облекував цели 8 години, по дипломирањето ја „користев“ и за поважни состаноци. Но, сега веќе не ја „користам среќната“ бордо кошула, а сепак успевам да бидам успешен. Што се однесува, пак, до амајлиите, јас поседувам амајлија. Тоа е мојата обетка која ја носам на левото уво... Не мислам дека толку многу ме штити од негативни влијанија колку што ми пркоси. Ја немам извадено цели 6 години.

**ХРИСТИНА ГЕОРГИЕВСКА ЗМИЈАНАЦ**
**Раководител за самоодржливост и промоција**

Дали сум суеверна? Хмм... Па, можам да кажам не, за тоа дали одам под друга патека кога црна мачка ќе ми го пресече патот исто така не, единствено кога бев мала и другарките кога ми велеа дека мора кога ќе помине црна мачка да фрлам камче и да се вратам три чекори назад и потоа да си продолжам, за да не добијам некоја лоша оценка во училиште ☺Што се однесува пак до ритуалите...Пред да одам на некој состанок или без разлика каде и да одам немам никаков ритуал, единствено кога одам на некој важен состанок од работа како и секој, се консултирам со моите колеги во врска со темата на состанокот и барам нивно мислење, меѓутоа тоа сепак не е ритуал. Не поседувам никаква амајлија и не верувам во тоа дека нешто што јас ќе носам ќе може да ме штити од лоша енергија, единствено што носам на мене е приврзок од Богородица што ми е подарок од мојот сопруг за годишнина.

**ИВАНА ДОЈЧИНОВСКА-СТОЈАНОВИЌ, филолог**
**Советник за образование и обука**

Јас воопшто не сум суеверна. Барем не свесно. Од тука произлегува и тоа што не поседувам никаков ритуал пред одење на некој важен состанок, тоа значи пред да одам на важен состанок добро се подготвувам за него. Без магии. А што се однесува на поседувањето амајлија, во паричникот носам фенг-шуи-приврзок, но повеќе како моден детаљ. Не верувам дека може да ми ја подобри финансиската состојба како што ми ветуваа кога ми го подарија. Барем до сега не ми донесе никакви пари.

**АНЕТА ДУКОСКА**
**Дипломиран Психолог**

Не сум суеверна .Но, постојат одредени ситуации кои ме тераат да потпаднам под влијание на “натприродните“ сили. На пример кога сум во некое исчекување на некој одговор или работа, доколку тогаш црна мачка ми го пресече патот ,може на ум да ми дојде лоша мисла дека тоа што го очекувам може да тргне наопаку. Но сепак не дозволувам лошата мисла целосно да завладее со мене. Инаку немам некој посебен ритуал , верувам единствено во своите способности и вештини за ефективен состанок и тоа ме полни со позитивна енергија. Исто така не поседувам и амајлија бидејќи не верувам дека таа може да ме заштити од несреќа или лоша енергија. Едностсвно, верувам дека ќе се случи тоа што треба да се случи и се соочувам со тоа.



# КАРИЕРАТА Е МАРАТОНСКА ТРКА

ВРАБОТУВАЊЕ
ЕДУКАЦИЈА

Стопанството и образовните системи се судруваат со рапидно стареење на населението, а со тоа и на работната сила. Посебно погодени од оваа појава се некои од најразвиените европски земји, но процесот не ги одминува ниту нашата и државите во нашето опкружување. Многубројните генерации родени во годините на економски развој по втората светска војна, генерации кои имаа можност за структурирано и квалитетно стручно образование, веќе заминуваат во пензија и зад себе оставаат голема дупка на пазарот на трудот, која тешко може да се покрие со поновите, малкубројни генерации.

Од друга страна, глобализациските процеси – пренесувањето на производството во земјите во развој, а во најново време и економската рецесија која не одминува речиси ниедна стопанска гранка, оставаат зад себе пусти работни хали и долги редици невработени кои чекаат за социјално згрижување.

Во услови на вака турбулентен развој на пазарот на трудот, актерите во него се почесто се борат за преживување и профит на полето на знаењето. За работниците знаењето обезбедува предност пред другите, услов за добивање или задржување на работно место. За компаниите, синергетскиот производ од комептенциите на неговите вработени е квалитетна предност пред конкуренцијата на бојното поле на технолошкиот развој.

Стручното квалификување (образование и обука) стана нова централна димензија на социјалната нееднаквост во општеството. Имено, доброто општо и стручно образование не се веќе само влезница за пазарот на трудот, туку и „дозвола за престој„ во работниот свет која повремено мора да се обновува.

Предвидувајќи ги овие состојби, европските држави, но и европските компании, веќе подолго време забрзано работат на адаптирање на образовните системи и формите на учење на новонастанатите услови. Општеството станува општество на учење (learning society), а во управувањето се повеќе се користи менаџмент на знаење (knowledge management).

Под образование веќе не се подразбира само формалното учење резервирано за децата и младите, туку секое знаење кое е стекнато на формален или неформален начин, во теорија или пракса, а прави квалитетна ралика во однос на другите. Оти секое знаење е предност.

Учењето во светски рамки стана **доживотно учење**, кое го опфаќа „целото учење кое се случува во текот на целиот живот, а служи за подобрување на знаењето, квалификациите и компетенциите и се случува во рамките на лична, граѓанска, социјална или кариерна перспектива„. Учењето е доживотно, и тоа во голема мера го опфаќа и образованието на возрасни.



На патот на реформските процеси, Македонија во јануари 2008 година донесе Закон за образование на возрасните, кој дефинира:

„Цел на образованието на возрасните е да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да овозможи истите да стекнат знаења, вештини и ставови кои ќе бидат во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот.„

Секој од нас повеќе или помалку е свесен дека во денешни услови е многу тешко да се направи брза кариера само со компетенциите стекнати во формалниот образовен систем. Многу потешко е кариерата да се развива – да се задржи работното место и да се напредува во личниот развој. Кариерата веќе не е спринтерска патека, таа е долг и тежок маратон со препреки, кој може да се совлада само со континуирано учење. Оти знаењето прави разлика.

Во наредните броеви на рубриката на Вработување Едукација ќе се обидеме да дадеме одговори на неколку дилеми во однос на доживотното учење, да дефинираме некои поими, да ви помогнеме при изборот на теми и форми на учење во личниот или во развојот на вашиот персонал и да пренесеме некои светски трендови од областа на образованието на возрасните.

Ќе не радува доколку ни ги испратите вашите коментари, прашања или идеи на edukacija@vrabotuvanje.com.mk.

Ивана Дојчиновска-Стојановиќ



# КАКО ДА ОДГОВОРИТЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

## *Бидете подготвени да се одбраните!*

Иако во претходните броеви текстовите најчесто се однесуваа на тоа како да најдете работа или пак како да се однесувате на интервју за работа, овој пат ќе зборуваме за тоа како, откако веќе сте добиле работа да се соочите со можните а понекогаш и со неизбежните препреки и предизвици. Кога работодавецот веќе ве вработил тоа значи дека вашите способности одговараат на неговите барања.

Меѓутоа да го зачувате работното место и да напредувате во кариерата, не се доволни само вашите способности. Потребно е и да бидете флексибилни,да поседувате одредена улична интелигенција(односно снаодливост) и да умеете со луѓето. Денешниот бизнис свет е полн со екстремни предизвици и секој ден ќе наидете на некој друг. Три од нив на кои најчесто наидуваме се следниве



***Прв предизвик**:*

Сте направиле мала грешка или пак сте имале удел во тоа да вашата фирма изгуби важен клиент.

Немојте премногу да се грижите за тоа. Не морате да ги криете грешките ниту пак да се чувствувате виновни до крајот на животот. Само кажете им дека ви е навистина жал за тоа што се случило. Извинувањето со потполно прифаќање на одговорноста сфаќање на сериозноста на грешката ќе ви помогне да ја повратите почитта. Но во никој случај немојте да претерувате со извинувањето.

***Втор Предизвик***

Во канцеларијата во која сте вработени морате секогаш да бидете достапни кога шефот ќе ве побара. Но што да правите кога шефот постојано ве бара дури и тогаш кога е пауза за ручек или дури и навечер?

Иако мобилните телефони се направени така да би ја олесниле комуникацијата и достапноста на другите, може да се наведат планина од негативни аспекти кои ги предизвикува нивното постоење. Вашиот шеф би требало да ја разбере и да ја почитува вашата приватност, доколку пак тоа не е така во тој слушај единственото нешто што можете да го направите е да го исклучите мобилниот телефон (освен ако изричито не ви е наредено никогаш да не го исклучувате мобилниот телефон

***Трет предизвик:***

После подолго работење или пак после по долгогодишно работење сакате да побарате покачување.

Ако навистина мислите дека заслужувате повеќе немојте да одолговлекувате за да ја побарате. Можно е вашиот шеф да не е тој кој ги донесува тие одлуки, во тој случај морате да го убедите него или неа да поразговара со надредените за вашето покачување. Наведете ги сите свои достигнувања во последните 6 месеци или во последните година дена, и кажете и му дека разбирате дека таа не е онаа која ги донесува одлуките за покачувањата. Потоа изнесете е ги вашите размислување за плановите за во иднина со што ќе покажете дека не сакате само да си ги земете парите и да го напуштите работното место во еден од наредните шест месеци. Ако знаете дека вообичаеното покачување во вашата компанија е мало кажете дека сметате дека заслужувате повисока плата. Можете дури и цифрено да го искажете износот кој го барате.







# Која кошула со која вратоврска...?

## *Мала помош за сите мажи*

*При подготвувањето за на работа најголемиот предизвик или потешкотија на мажите им претставува изборот на совршена комбинација .Одело, кошула и најтешкото -вратоврската. Подолу ги имате основните правила за комбинација а и неколку примери. Доколку пак не можете да се снајдете сами тогаш доволно е да си ги препишете следниве примери...*



**Прво правило:**

***Почнете со најголемото парче за облекување , на крај одберете го најмалото***. Значи прво почнете со костимот потоа одберете ја кошулата и на крај одберете соодветна вратоврска.

Вообичаено поголемите парчиња од гардеробата се најскапи па така мажите најчесто поседуваат по два или три костими во гардероберот. Доколку вратоврската и костумот е дел од твојот дневен бизнис стил тогаш се препорачува да поседувате најмалку три различни бои на костими. Важно е исто така **После секое носење на оделото , да го обесите и сакото и панталоните на место каде ќе можат да се изветреат.** Ова му гарантира на оделото дека ќе биде ослободено од сите непријатни мириси а тоа што добро сте го закачиле ќе гарантира дека следниот пат кога ќе саката да го облечете тоа ќе биде совршено испеглано. Доколку пак поседувате повеќе од три костими тоа значи дека имате поголема можност за комбинации.

Значи почнуваме по ред:

1. Одберете кое одело ќе го носите ..Да почнеме со темно сиво. Потоа одберете ја кошулата , најдобрата боја која се совпаѓа со темно сиво одело е
   - светло сина
   - бела
   - розова
   - сини линии или пак коцки на бела основа

Значи откако го завршивте комбинирањето на оделото со кошулата. Следна на ред е вратоврската.

2. Да најдеме соодветна вратоврска...Каква вратоврска би прилегала на темно сиво одело и светло сина кошула. Најдобро со ова комбинација одат- темно сина (тегет), розова, жолта, бордо и трева зелена еднобојна кравата, што значи овде ги вклучуваме и вратоврските кои ги поседуваат овие нијанси или пак имаат линии или други детали, а сепак преовладува една од наведените бои Еве ви совршена комбинација!



За второто и третото правило читајте во следниот број

# ПРОЧИТАЈТЕ НЕШТО КОРИСНО

**Спенсер Џонсон**

## ЕДНА МИНУТА ЗА СЕБЕ




| | |
|---|---|
| Издадена: | 2004 год. |
| број на страни: | 107 стр |
| цена: | 230,00 ден |

Доктор Спенсер Џонсон, кој со своите бестселери Менаџер за една минута и Трговец за една минута им помогна на милиони, сега ја објаснува тајната на единствениот и најважниот елемент на деловниот и личниот успех - вашето јас. Користејќи ги посебните методи на едноминутната програма, позната ширум светот, можете: ДА ГО НАМАЛИТЕ СТРЕСОТ, ДА НАЈДЕТЕ НОВА ЕНЕРГИЈА, ДРАСТИЧНО ДА ГО ПОПРАВИТЕ ЛИЧНИОТ НАСТАП, ДА ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГО ТРОШИТЕ ВРЕМЕТО НА БЕС И КАЕЊЕ, ДА РАЗВИЕТЕ ПОПОЗИТИВНИ ДЕЛОВНИ ОДНОСИ. Едноминутно ремек-дело

**Фредерик Бегбеде**

## 399




| | |
|---|---|
| Издадена: | 2006 год |
| број на страни: | 296 стр |
| цена: | 399,00 ден |

Обидувајќи се да го прикаже животот, не со објаснување, туку без шминка, онаков каков што навистина е, овој писател, еден од најкултните на париската книжевна сцена, ни ја раскажува приказната за парискиот монден Октав Паранго. Октав Паранго, ненадминат првак во креирањето на рекламни слогани, поминува низ лош период во животот. Неговиот талент страда од претерување во консумирање на кокаин, трошење на пари, лесни девојки и непроспиени ноќи

**Pincas, Stéphane / Loiseau, Marc**

## A HISTORY OF ADVERTISING




| | |
|---|---|
| Формат: | Hardcover 9.4 x 11 in. |
| Издадена: | 2008 год |
| број на страни: | 336 стр |
| цена: | 2140,00 ден |

**The evolution of the ad**

Историјата на адвертајзингот е многу долга , почнувајќи од 1630 кога Frenchman Théophraste Renaudot ги поставил првите рекламни пораки во весникот *La Gazette de France* или пак кога William Tayler во 1786 г. почнал да ги нуди своите услуги како Agent to the Country's Printers .Но првата употреба на терминот "advertising agency" датира од 1842 кога Volney B. Palmer ја создал својата агенција во Philadelphia, Pennsylvania... Прочитајте ја!





# ЧУДНИ ЛУЃЕ...

*Што е најчудното нешто што може да ви се случи за време на интервју за работа? Да дојдете со родителите? Да си го чепкате носот? Или пак нешто уште по чудно? Еве избор од грешките кои ги објави порталот CareerBuilder како најчудни...*



На еден кандидат кој бил на интервју за работа, му засвонил телефонот, тој одговорил на повикот, и потоа го замолил човекот кој го интервјуирал да излезе затоа што "Ова е приватен разговор!" ?!



Една кандидатка за работно место сметководител- изјавила дека повеќе е "човек за со луѓе" отколку "човек за со бројки".



Една кандидатка при влезот на интервју извадила чешел и почнала да се чешла

Еден кандидат за време на телефонското интервју пуштил вода од казанчето во тоалетот

Кандидатот ја прашал личноста која го интервјуирала дали по разговорот може да го "префрли" до дома..

Кандидатот при влезот си помирисал под пазувите.



* Граматичките и ситаксичките грешки намерно не се корегирани

# ОГЛАСИ ОГЛАСИ ОГЛАСИ

ОГЛАСНА ТАБЛА

**Фирма: КАМ дооел**
**Град: Скопје**
**Објавен: 06.03.2009, Дневник**

Кам Маркет има потреба од Раководители за маркет (за регион Скопје, Тетово и Куманово). Адреса за аплицирање КАМ дооел, ул. Индустриска бб (товарна) 1000 Скопје или на e-mail personal@kam.com.mk до 16.03.2009год.

**Фирма: Т.Д КА-ДИС**
**Град: Скопје**
**Објавен: 07.03.2009, Дневник**

Т.ДКА-ДИСвработува:1.Машинскиинженер; 2.Автомеханичар; 3.Електромеханичар. Адреса за аплицирање: Т.Д КА-ДИС, Ул. Скупи бб, 1000 Скопје или на e-mail kadis@kadis.com.mk Огласот е отворен до 20.03.2009год.

**Фирма: Соравиа**
**Град: Скпје**
**Објавен: 10.03.2009, Дневник**

Соравиа Скопје вработува Службеник за прием на клиенти. Адреса за аплицирање: t.zangerl@soravia.at

**Фирма: Qatar Airways**
**Град: Скопје**
**Објавен: 09.03.2009, Дневник**

Qatar Airways, објавува оглас за вработување: Cabin Crew. За повеќе информации www.qatarairways.com

**Фирма: Marek Engineering**
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Дневник**

Marek Engineering лидер во „ERP" софтвер има потреба од 1 x софтвер инженер за поддршка. Деталните информации се наведени во огласот објавен во Дневник на 10.03.2009год.

**Фирма: „САНОС" д.о.о.**
**Град: Скопје**
**Објавен: 09.03.2009, Дневник**

Санос објавува оглас за вработување: Административен работник-секретарка. Адреса за аплицирање: „САНОС" д.о.о. – Скопје, ул. 516 бр.10 1000 Скопје или на следната e-mail адреса: sanos@mt.net.mk Огласот е отворен до 20.03.2009г.

**Фирма:** АБ Канал
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Вечер**

Националната и сателитска телевизија АБ Канал има потреба од шминкер (1 извршител). Потребните документи да се достават на бул. „Св.Климент Охридски" бр.68 или лично на Прв Приватен Европски Универзитет – Република Македонија. Рок за пријавување 18.03.2009г.

**Фирма: Град Скопје**
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Вечер**

Град Скопје објавува оглас за прием на еден работник на работно место: Обезбедување на објекти, во Секторот за општи работи. Адреса за аплицирање: Илинденска бб или архивата на Град Скопје. Огласот трае до 15.03.2009год.

**Фирма: OSCE**
**Град: Скопје**
**Објавен:09.03.2009, Дневник**

Набљудувачката мисија на ОБСЕ објавува оглас за вработување: Проект асистент. E-mail за аплицирање personnel-mk@osce.org Огласот трае до 22.03.2009год.

**Фирма: ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.**
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Дневник**

ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје вработува Агенти за работа во следните градови: Гостивар, Тетово, Струмица, Куманово, Штип, Радовиш, Виница и Кочани. Аплицирајте на следната адреса: Сектор за човечки ресурси, Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје или на e-mail eurolink@eurolink.com.mk Рок за пријавување 16.03.2009год.

**Фирма: UNDP**
**Град: Скопје**
**Објавен: 09.03.2009, Дневник**

УНДП објавува оглас за вработување: 1.Project Manager; 2. Project Assistant. Деталите за аплицирање се објавени на сајтот на UNDP www.undp.org.mk Рок за пријавување е 20.03.2009год.

**Фирма:** ПЕКО ДОО
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Дневник**

Пеко доо објавува оглас за вработување на продавачи за следните градови: Битола, Струмица, Тетово и Куманово.
Адреса за аплицирање: ПЕКО ДОО Скопје, ГТЦ Кеј 13 Ноември 2/7, 1000 Скопје. Рок за пријавување 15.03.2009г.

ОГЛАСНА ТАБЛА

# ОГЛАСИ ОГЛАСИ ОГЛАСИ



**Фирма: НЕЛТ СТ**
**Град: Скопје**
**Објавен: 10.03.2009, Дневник**

НЕЛТ СТ вработува Агент за продажба, Мерчендајзер и Доставувач/Магационер. Адреса за аплицирање: НЕЛТ СТ ул.32 бр.20, нас.Илинден, 1000 Скопје или на e-mail: hrc@nelt.com.mk, најдоцна до 15.03.2009год.

**Фирма:** Nic alarm
**Град: Скопје**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Nic alarm вработува Продукт менаџер. E-mail за аплицирање: nik@nik.com.mk Огласот е отворен до 22.03.2009год.

**Фирма: Gama Power Systems Engineering and Contracting Inc. TURKEY**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Gama Power Systems Engineering and Contracting Inc.- TURKEY, објавува оглас за вработување на Службеник во оддел за заштита при работа. E-mail за аплицирање: n.ertem@gamapower.com.tr Огласот трае до 17.03.2009год.

**Фирма: БИС ОИЛ**
**Град: Скопје**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Компанијата БИС ОИЛ, Скопје вработува Комерцијалисти (3 извршители). Адреса за аплицирање: bisoil@bisoil.com.mk Рок за пријавување 15.03.2009год.

**Фирма: Универзитет „Гоце Делчев“**
**Град: Штип**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип распишува конкурс за избор на наставници и соработници на факултетите во состав на Универзитетот. Документите да са достават до Ректорска управа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Конкурсот трае до 19.03.2009год.

**Фирма: Министерството за локална самоуправа**
**Град: Скопје**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Министерството за локална самоуправа објавува оглас за слободни работни позиции: Проект службеник и Финансиски службеник во рамките на КАРДС Договорот за директен грант „Поддршка на Министерството за локална самоуправа во реализација на ИПА прекугранични програми“. Адреса за аплицирање: Даме Груев 14, 1000 Скопје. Огласот трае до 27.03.2009год.

**Фирма: Вип Оператор**
**Град: Скопје**
**Објавен: 11.03.2009, Дневник**

Вип Оператор објавува оглас за вработување на Продукт Менаџер. Адреса за аплицирање ул. Васил Аџиларски 6б, 1000 Скопје или на e-mail hr@vipoperator.mk

**Фирма: ТРАНС МЕТ доо**
**Град: Скопје**
**Објавен: 12.03.2009, Вест**

ТРАНС МЕТ доо Скопје има потреба од Геодетски техничар и градежен инженер. E-mail за аплицирање info@transmet.com.mk

**Фирма: Централна кооперативна банка АД**
**Град: Скопје**
**Објавен: 12.03.2009, Дневник**

Централна кооперативна банка АД Скопје распишува оглас за вработување на Благајник-ликвидатор за експозитура во Велес, Благајник-ликвидатор за експозитура во Пробиштип и Извршител во Дирекција за човечки ресурси во Скопје. Адреса за аплицирање: ул. Национална арена Филип Македонски (Градски стадион) Скопје или на e-mail info@ccbank.mk Огласот трае до 17.03.2009год.

**Фирма: АД Осигурителна полиса**
**Град: Скопје**
**Објавен: 12.03.2009, Дневник**

Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје објавува оглас за прием на Референт за општи, правни и кадрови работи. Адреса за аплицирање: бул. Маркс и Енгелс бр.3 1000 Скопје или на e-mail info@insurancepolicy.com.mk Огласот трае до 23.03.2009год.

**Фирма: ПИЛКО ДООЕЛ**
**Град: Скопје**
**Објавен: 06.03.2009, Дневник**

ПИЛКО ДООЕЛ Скопје објавува конкурс за вработување на Комерцијалисти 2 (двајца), Технолог 1 (еден) и Хаус Мајстор 1 (еден). Апликациите испраќајте ги на следната адреса: ПИЛКО ДООЕЛ с. Идризово бб или по e-mail pilko@mt.net.mk

**Фирма:** СЕПТИМА ДООЕЛ
**Град: Скопје**
**Објавен: 06.03.2009, Дневник**

Француска фармацевстка компанија член на Innothera групацијата распишува конкурс за прием во работен однос на позиција СТРУЧЕН СОРАБОТНИК.
Апликациите испраќајте ги на следната адреса: СЕПТИМА ДООЕЛ Скопје, Лондонска 19, 1000 Скопје.

ОГЛАСНА ТАБЛА

www.vrabotuvanje.com.mk